Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1145/2022

Дата........21.-06-.2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Боговиње, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње.**

Површината на предметниот опфат изнесува 86,7 ha.

Низ предметниот опфат поминува линиска инфраструктура издадени

- Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за главен доводен цевковод за наводување од ХМС "Равен - Речица" со тех.бр. У01814 и елаборат за услови за планирање на просторот за поставување на подземена мрежа со кабел на подрачјето: Деве Баир – Ќафа Сан, со тех.бр. У07705.

Во непосредна близина на предметниот опфат има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Боговиње, Општина Боговиње, со тех.бр. У16413.

Планскиот опфат навлегува во III заштитна зона на изворот Рашче.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. У14722** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Реализацијата изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Боговиње, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 42001 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње. Површината на предметниот опфат изнесува 86,7 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот изработка за Урбанистички план за село Синичане, КО Синичане, КО Синичане вон град. Општина Боговиње ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1145/2022 од 15.06.2022 година.